# Извештај за статусот на реализација на програмите и мерките за млади за 2021 година

## Сектор за средно образование и доживотно учење

Наставата во првото и второто полугодие на учебната 2020/2021 година, се одвиваше по комбинираниот модел на настава: онлајн, со физичко присуство и со следење на часови преку телевизија. Заради непречено одвивање на наставниот процес од страна на МОН донесени се следните протоколи:

- Протокол за постапување во средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишување на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година;
- Протокол за постапување на Математичко информатичката Гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците за 2020/2021;
- Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и за 2021/2022 година;
- План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година и 2021/2022 година;
- Протокол за организирање и реализирање на натпревари во средните училишта во услови на пандемија од COVID-19
- Протокол за постапување на средните училишта при реализација на испитите од државната матура за учебната 2020/2021 година.

Во однос на подобрување на стандардот на учениците преку доделување ученички стипендии доделени се вкупно 884 стипендии за постоечките категории на ученици.

Зголемен е бројот на стипендии кои се доделија на учениците со попреченост, прифатени се апликациите на сите ученици кои ги


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

исполнуваат конкурсните услови, за учебната 2020/2021 година. Вкупно се доделени 104 стипендии
Зголемен е бројот на стипендии за ученици Роми за учебната 2020/2021 година.
За учебната 2020/2021 година, доделени се стипендии на 246 ученици согласно Конкурсот за доделување на стипендии за ученици во ДСУ„Спортска Академија" ;

Донесени се Законите за дополнување на законот за ученичкиот стандард и законот за студентски стандард. Со Законите се додаваат нови одредби со кои се регулира начинот на организирањето на дејноста во ученичките и студентските домови во услови на епидемија/пандемија прогласена од заразни болести. На учениците и студентите кои конкурирале на конкурсот за сместување во ученичките и студентските домови, и им се одобрени барањата за сместување, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, односно месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое се запишан ученикот или за студентите местото на студии, за чија висина одлучува Владата на Република Северна Македонија.

Во насока на подобрување на условите за настава:

- Изградена е училишна спортска сала во СОУ„Наце Буѓони"-Куманово;
- Направена е реконструкција на 7 јавни средни училишта ;

Со цел подобро поврзување на образованието со потребите на пазарот на трудот

- Спроведена е кампања „Учи паметно, работи стручно" преку локални средби во 19 општини, на кои учествуваа министерката и заменик


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

министерот за образование и наука, градоначалниците на општините и градот Скопје, директорите на средните стручни училишта, претставници од Стопанската комора и компаниите. На средбите беа презентирани анализите од прашалникот кој беше пополнет од страна на 450 компании, од кои 85% изразија спремност за соработка со средните стручни училишта за практичното образование (посебно за феријалната практика и учењето преку работа). Од средбите произлегоа потребите за воведување на нови струки, нови профили/квалификации, како и промена на одредени наставни планови, наставни програми и модули согласно потребите на компаниите.

- Согласно анализите за бројот на запишани ученици во прва година во однос на минатогодишниот објавен конкурс МОН пристапи кон унапредување на стручното образование и зајакната соработка со компаниите, општините и средните училишта. За таа цел МОН во новиот конкурс:
  - го намали бројот на ученички места во гимназиско образование и
  - го зголеми бројот на ученички места во стручно образование.

- Оваа учебна година во конкурсот се објавени 2001 ученичко место за 97 паралелки во кои учениците ќе имаат зголемен обем на практичното образование во компанија (дуален модел). Од овие 97 паралелки вкупно 11 се од веќе постоечките програми, а 86 се нови паралелки во кои ќе се применува зголемен обем на практичното образование во компанија, врз основа на Меморандуми за соработка кои се потпишани во пред објавување на конкурсот. За сите учениците кои ќе се запишат во овие паралелки се предвидени стипендии во зголемен износ во однос на минатата година (3.500 ден).
- Согласно Конкурсот за запишување на ученици во средно образование за учебната 2021/2022 година за предвидените паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број часови поминати во


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

компанија, изготвени се и одобрени нови наставни планови за бараните образовни профили/ квалификации.

- Верификувани се 56 нови образовни профили/квалификации за учебната 2021/2022 година согласно новиот конкурс.

- Пандемијата нé натера да ја забрзаме дигитализацијата на образованието и тоа од два аспекти – прво од аспект на дигитализација на самиот наставен процес, со што се обезбеди еластичност на националниот образовен систем, тој да биде прилагодлив и применлив во вакви вонредни околности за да го овозможи правото на образование на секое дете. И второ, дигитализација на услугите кои се нудат во областа на образованието - аплицирање на конкурси за стипендии, аплицирање за упис на првачиња, нострификација и така натаму. (родителите можат преку ИТ уред да ги пријават децата кои треба да се запишат во прво одделение, студентите и учениците можат преку смарт телефон или друг ИТ уред да аплицираат за стипендии).

- Министерството за образование и наука објави Јавен повик за доделување на финансиски средства (грантови) за средни училишта за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. За учебната 2020/2021 година доделени се 23 грантови за средни училишта во висина до 30.000 денари.

Подготовката на новата Концепција за државна матура е во завршна фаза. Таа се базира на наодите на ОЕЦД за државната матура, како и на досегашните национални резултати и забелешки за овој процес.

Работната група којашто работи на оваа Концепција е составена од претставници на Сојузот на средношколци, наставници од средни стручни училишта и гимназии, директори на училишта, професори од факултети, претставници од Центарот за стручно образование, Државниот испитен


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

центар, Бирото за развој на образованието и Министерството за образование.

Новиот концепт целосно ја менува формата и содржината на државната матура за средно образование. Најголема промена е направена во делот на стручното образование, каде се поставува нова рамка на државна матура којашто ќе биде усогласена со новиот систем на модуларно образование.

Новата Концепција предвидува три модели на полагање испити, посебно за гимназиското образование, за средното стручно и за средното уметничко образование. Целта на овие реформи е да се запази принципот на усогласеност со програмите во средното образование, еднаквост во пристапот и соодветни можности за влез во високото образование.

Во собраниска процедура е донесувањето на законите:

Нов предлог Закон за образование на возрасни со кој се унапредува процесот на верификација на посебните програми и институции и установи за образование на возрасни, но како најважно е воведувањето на системот за валидација на неформалното и информалното учење со цел да се унапреди видливоста и транспарентноста на вештините и компетенциите на работната сила во рамки на пазарот на трудот кој има недостаток на квалификувана работна сила.
Нов предлог закон за стручно образование и обука со кој се унапредува стручното образование, односно се дополнува со уште еден вид на реализација на стручно образование, со зголемен број на часови за учење преку работа-дуално образование.

Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали чиј фокус се развој на дигиталните вештини на учениците, креирање и употреба на дигитални наставни материјали, развој на едукативни платформи, развој на дигиталните вештини на наставниците и трансформација на училиштата во средини во кои се негуваат и


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

развиваат дигиталните вештини и компетенции на учениците со крајна цел поголема инклузивност и зголемување на квалитетот на образовниот процес.

Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образование со кој се уредуваат надлежностите на Бирото како и други прашања од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието. Една од причини за измените на законот е давање на надлежност на Бирото да воспостави и развива портал за учење од далечина и дигитални содржини за користење во наставата, што е од исклучително значење во последно време со пандемијата со КОВИД 19, но притоа се земаат во предвид и глобалните тенденции во насока на развој на учење од далечина. Исто така се регулира и делот за акредитацијата на програмите за обука на наставниот кадар и се предвидуваат стандарди за квалитет на истите.

Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

**Сектор за високо образование**

На 53-та седница, одржана на 12.3.2021 година, согласно со Законот за високото образование, Владата номинираше предлог членови во Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност, согласно член 42 став (1) од Законот за високото образование и истите со допис бр.14-3502 од 17.3.2021 ги достави до Собранието на Република Северна Македонија.

- Редовно ажурирање на заедничкиот информациски систем. На 19.3.2021 година, се одржа состанок на работната група на која беше разгледан предлог Договорот за признавање на високообразовни квалификации помеѓу земјите од Западен Балкан (кој се надоврзува на претходно усвоената Декларација).


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

- Јавна трибина/ консултации во високообразовните установи за предлог-моделите за финансирање предложени од консултанот ангажиран во рамки на СКИЛС Проектот.
- Предлог одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, за академската 2021/2022 на прв, втор и трет циклус на студии.
- Предлог одлука за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, за академската 2021/2022 на прв, втор и трет циклус на студии.
- Уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање.
- Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование.
- Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование.

**Сектор за ученички и студентски стандард**

Ученички стипендии

За учениците се доделуваат 21 вид на стипендии и тоа: Стипендија за талентирани ученици – спортисти, стипендии за талентирани ученици од средното образование од областите на природните и техничките науки, стипендии за талентирани ученици од средното образование од областа на уметностите, стипендија за ученици со посебни потреби од средното образование, стипендија за социјална поддршка на ученици од средното образование, стипендија за ученици - деца без родители од средното образование, стипендија за ученици кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичката струка, стипендија за ученици кои реализираат наставни програми од електро-техничка струка, односно сектор електро-техника, стипендија за ученици кои реализираат наставни програми од градежно-геодетска струка, односно сектор за градежништво и геодезија,


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

стипендија за ученици кои реализираат наставни програми од земјоделско-ветеринарна струка, односно сектор земјоделство, рибарство и ветеринарство, стипендија за ученици кои реализираат наставни програми од машинска струка, односно машински сектор, стипендија за ученици кои реализираат наставни програми од текстилно-кожарска струка, односно сектор текстил, кожа и слични производи, стипендија за ученици од прва година кои реализираат наставни планови и програми од електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, угостителско-туристичка струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска струка или текстилно-кожарска струка, стипендија за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење, стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, стипендии за ученици запишани во Спортската академија и (четири вида) стипендии за ученици Роми според остварениот успех во образованието.

Имено, од учебната 2020/2021 бројот на видовите стипендии се зголеми од 12 на 17, а од учебната 2021/2022 на 21, за вкупен 3894 корисници. Имајќи предвид дека износот на стипендиите за сите ученици беше зголемен на 3500 ден, интересот за стипендиите оваа година беше исклучително голем што предизвика и голем број на пријавени кандидати во сите категории. Се очекува дека и во иднина учениците ќе продолжат да покажуваат голем интерес за овие стипендии, особено што некои од нив се предвидени да делуваат мотивирачки (како неколкуте видови на стипендии за средно-стручно образование). Така, за учебната 2021/2022 година, учениците имаа можност на поедноставена дигитална платформа да се пријават за стипендија и притоа да ги прикачат сите потребни документи без потреба истите да ги доставуваат и во хартиена форма. Исто така, од учебната 2021/2022 за првпат се воведе можност за електронска обнова на договорот за ученички стипендии за сите претходни корисници на ученички стипендии (околу 3000) кои имаат склучен договор за стипендија во некоја


Министерство за образование и наука на
Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

претходна учебна година. Така, користејќи ја истата едноставна платформа учениците можеа да ги прикачат бараните документи за обнова на нивните стипендии без да треба да доаѓаат во Министерството или истите да ги испраќаат по пошта.

Студентски стипендии

Од академската 2020/2021 година број на видови на стипендии за студентите се зголеми од 7 на 8 категории и тоа: стипендии за редовни студенти од социјални категории запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија; стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50 а кои се запишани на факултети од научното подрачје на техничко-технолошките науки, научното подрачје на биотехнички науки и научното подрачје на медицински науки и здравство, а за студентите на факултетите од научното подрачје на општествените науки и на факултетите од научното подрачје на хуманистичките науки да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година; стипендии за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех; стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 8,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по македонски јазик, македонска книжевност и јужнословенски книжевности; стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и кои постигнале просечен успех од I-та до тековно


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

запишаната студиска година најмалку 7,00 просечен успех; стипендии запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,00 просечен успех а се запишани на студиски програми по хемија, физика и математика; стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование; и тоа за 3000 корисници.

Имајќи предвид дека износот на стипендиите за сите студенти беше зголемен на 6050 ден, интересот за стипендиите оваа година беше исклучително голем што предизвика и голем број на пријавени кандидати во сите категории. Така, за академската 2021/2022 година, студентите имаа можност на поедноставена дигитална платформа да се пријават за стипендија и притоа да ги прикачат сите потребни документи без потреба истите да ги доставуваат и во хартиена форма. Исто така, од студиската 2021/2022 за првпат се воведе можност за електронска обнова на договорот за стипендии за сите претходни корисници на студентски стипендии (околу 3000) кои имаат склучен договор за стипендија во некоја претходна академската година. Така, користејќи ја истата едноставна платформа студентите можеа да ги прикачат бараните документи за обнова на нивните стипендии без да треба да доаѓаат во Министерството или истите да ги испраќаат по пошта.

Субвенциониран студентски оброк

Од академската 2021/2022 година започна да се имплементира Законот за субвенциониран студентски оброк. Имено, право на субвенциониран студентски оброк имаат сите студенти:

- Кои се државјани на Република Северна Македонија;
- Кои се редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети,
- Кои не се во редовен работен однос;


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

- Кои не се регистрирани како индивидуални земјоделци и
- Кои немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година.

Така, за ова право, Министерството овозможи единствено електронско пријавување на кандидатите, на истата дигитална платформа, на многу едноставен начин. При тоа, Министерството се поврза и со останатите надлежни институции и од кои по службена должност ги обезбедува доказите уредени со Законот (МВР, АВРМ, УЈП и студентските служби на факултетите), а кои се однесуваат на условите за пријавување за остварување на правото на субвенциониран оброк за секој кандидат поединечно. По обработката на податоците Министерството преку истата платформа ги известува сите кандидати за исходот од нивната пријава доставувајќи електронско потпишано решение за остварување на правото или известување за одбивање. Карактеристично за ова право е што постапката на проверка на податоците Министерството за повторува секој месец, а воедно и секој месец студентите имаат право да се пријавуваат за субвенциониран оброк, доколку не успеале во некој од претходните месеци да го сторат тоа или пак биле одбиени по некој основ, а во меѓувреме ги исполниле условите уредени со Закон. Правото на субвенциониран оброк го остваруваат над 29.000 студенти.

Сместување во ученички и студентски домови

Министерството за образование и наука овозможи целосно дигитално (или целосно хартиено) поднесување на документи за сметување во ученички, односно студентски дом. Оттаму дигиталната платформа беше така подготвена да може да прифати пријави за 18 ученички односно 12 ученички домови, во кои се сместуваат над 2500 ученици односно 5000 студенти.

Во сите горенаведени случаи дигиталното пријавување на кандидатите ја олеснува натамошната обработка за податоците, поради тоа што се намалува можност за губење на податоци и грешки при препишување на податоците и се зголемува брзината во разгледувањето и одлучувањето по


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

истите, што му овозможува на Министерството да биде поефикасно во своето работење и во односот кон своите корисници. Воедно, им овозможува и на кандидатите кои се пријавуваат за услугите на Министерството да ги коригираат, менуваат и дополнуваат податоците кои ги доставиле електронски се додека траат конкурсите и со тоа им овозможува и ним да бидат поефикасни и поодговорни кога станува збор за остварување на нивните права по разни основи.
Останати активности

- Спроведен конкурс за поврат на средства за музички инструменти. Прифатени се апликации на 5 ученици и 2 студенти.
- Спроведен конкурс за стипендии во странство за прв циклус и доделени се 30 стипендии
- Формирана е работна група заедно со Секторот за нормативно-правни работи за изработка на нов Закон за младински стандард која редовно одржуваше состаноци и ја изработи работната верзија на законот
- Спроведени се постапки согласно Законот за јавни набавки за подобрување на условите во ученичките и студентските домови.
- Завршување со изградба на Државен студентски дом во Тетово
- Спроведување на постапка за реконструкција на студентските домови од аспект на енергетска ефикасност преку Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW.

Министерството за образование и наука во континуитет ги унапредува образовните политики се со цел изградба на еден модерен и реформиран образовен систем кој ќе ги следи потребите на младите луѓе и ќе ја зголеми нивната вработливост и конкурентност на пазарот на трудот.

Министер за образование и наука,


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Doc. Dr. Jeton Shaqiri

Подготвил: Анастасија Трајковска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk